Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), , на ден 19.03.2015 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план, за Градска ЧЕТВРТ Ј04 ( опфат помеѓу бул. Митрополит Теодосиј Гологанов; ул. Брадфорска; Јужна обиколница; ул.Загребска; ул. Леринска и ул. Франклин Рузвелт), општина Карпош Скопје кој се носи согласно , Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Деталниот урбанистички план, за Градска ЧЕТВРТ Ј04 (опфат помеѓу бул. Митрополит Теодосиј Гологанов; ул. Брадфорска; Јужна обиколница; ул.Загребска; ул. Леринска и ул. Франклин Рузвелт) општина Карпош Скопје нема да има влијание врз животната средина од следните причини: бидејќи со планскиот документ кој се донесува има цел рационално користење на земјиштето, се дефинираат и оформуваат урбанистички парцели, со што се решаваат имотно правните работи на сопствениците од катастарските парцели. Намената на земјиштето се усогласува со ГУП на град Скопје (2012 - 2022 година). Намени и компатибилни намени согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање. .
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Градоначалникот на општина Карпош во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 34-2366/1 од 19.03.2015 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ